# About Australian Hearing
# За организацијата Australian Hearing

Macedonian

## АВСТРАЛИСКИ СПЕЦИЈАЛИСТИ ЗА СЛУХ

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА AUSTRALIAN HEARING Е НАЈГОЛЕМИОТ ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ ВО ВРСКА СО СЛУХОТ ВО АВСТРАЛИЈА, ПОЗНАТ ПО ИНОВАТИВНОСТА И ПО ВИСОКОКВАЛИТЕТНАТА ГРИЖА ЗА СЛУХОТ.**

Организацијата Australian Hearing е посветена на тоа да им помага на луѓето да се справат со проблемите со слухот за да имаат поквалитетен живот, а на клиентите што ги исполнуваат условите им ги пружа сите најразлични услуги во врска со слухот.

### Надлежно тело пропишано со законски акт

Организацијата Australian Hearing е основана во 1947 година за да им пружа услуги на ветераните на кои им бил оштетен слухот во текот на Втората светска војна, а исто така и за да им помогне на децата на кои им бил оштетен слухот како последица на епидемијата на рубела кон крајот на четириесеттите години од 20. век.

Во 1991 г., организацијата Australian Hearing стана надлежно тело пропишано со законски акт, односно со Австралискиот закон за услуги во врска со слухот од 1991 г. (Australian Hearing Services Act 1991). Од октомври 2004 г., организацијата Australian Hearing директно му одговара на министерот за општествени служби (Minister for Human Services).

### Нашите клиенти

Организацијата Australian Hearing им пружа услуги на клиентите што ги исполнуваат условите на Австралиската државна програмата за услуги во врска со слухот (Australian Government Hearing Services Program).

За да ги исполни едно лице условите за добивање услуги, мора да биде државјанин или постојан жител на Австралија и да исполнува еден од следните услови:

- Да е носител на Пензионерска картичка за попусти (Pensioner Concession Card) или лице зависно од носител на таква картичка
- Да е носител на Златна (Gold) или Бела здравствена картичка (White Repatriation Health Card) од Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs), особено за оштетувања на слухот здобиени во војна, или лице зависно од носител на таква картичка
- Да прима додаток за болест (Sickness allowance) или да е лице зависно од лице што прима таков додаток
- Да е клиент упатен од некоја служба за закрепнување од повреди на работното место што ја финансира австралиската држава
- Да е член на Австралиските одбранбени сили
- Да е лице на возраст до 21 година
- Да е по потекло Абориџин или од островите Торес Streit на возраст од 50 или повеќе години
- Да е по потекло Абориџин или од островите Торес Стреит што учествува во проекти за вработување во рамките на развивањето на заедниците (Community Development Employment Projects - CDEP) или што има учествувано во таква програма во периодот меѓу 1 декември 2005 г. и 30 јуни 2008 г.

### Национална мрежа на центри за слух

Организацијата Australian Hearing има повеќе од 92 центри со постојан персонал, а посетува и над 220 други места во градските, селските и зафрлените подрачја на Австралија.

Со тоа се осигурува дека сите Австралијци имаат лесен пристап до грижа за слухот.

Организацијата Australian Hearing исто така врши и услужни посети на многу заедници на Абориџини и на лица по потекло од островите Торес Стреит преку Специјализиранаата програма на Australian Hearing за домородни Австралијци (Australian Hearing Specialist Program for Indigenous Australians - AHSPIA). Тие услуги се пружаат во соработка со локалните здравствени организации со кои управува заедницата и со државните служби за здравство и образование.

### Нашите услуги

Организацијата Australian Hearing има персонал од повеќе од 400 високообучени и искусни здравствени работници (специјалисти за слух – аудиолози, и специјалисти за мерење на слухот – аудиометри), кои работат со поединечни клиенти за да им помогнат да го најдат најдоброто решение за нивните потреби во врска со слухот. Нашите здравствени работници им поставуваат на клиентите слушни помагала или други справи погодни за потребите на нивниот слух и на нивниот личен начин на живот.

Клиентите може да одберат слушни помагала што во целост ги финансира државата (бесплатни), или да платат одреден износ (доплата) за справи со понапредни технички карактеристики.

Секој центар за слух исто така нуди услуги за поправка и помош околу грижата за апаратите и околу нивното тековно одржување.



ВЕ МОЛИМЕ СВРТЕТЕ ОД ДРУГАТА СТРАНА

## ФАКТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА AUSTRALIAN HEARING

- Организацијата Australian Hearing е најголемиот давател на услуги во врска со слухот во Австралија. Нашата задача е да пружаме најдобра грижа за слухот, најнова технологија на слушни помагала и да бидеме светски предводници во истражувањето на слухот
- Организацијата Australian Hearing има над 92 центри за слух со постојан персонал, а посетува и повеќе од 220 други места ширум целата држава
- Лекари специјалисти за слух им пружаат услуги на самото место на домородните Австралијци во повеќе од 180 места секоја година во градските, селските и зафрлените подрачја преку Специјализираната програма на Australian Hearing за домородни Австралијци (Australian Hearing Specialist Program for Indigenous Australians - AHSPIA)
- Секоја година, околу 150.000 Австралијци во сите држави и територии ги користат здравствените услуги што ги пружа Australian Hearing
- Ние сме единствениот давател на услуги во врска со слухот на клиентите кои задолжително примаат услуги од заедницата (Community Service Obligation), вклучувајќи:
    - Австралијци помлади од 21 година
    - Возрасни лица со сложени потреби од закрепнување што ги исполнуваат условите
    - Луѓе што се по потекло Абориџини или од островите Торес Стреит и кои учествуваат во проекти за вработување во рамките на развивањето на заедниците (Community Development Employment Projects - CDEP) или што имаат учествувано во таква програма во периодот меѓу 1 декември 2005 г. и 30 јуни 2008 г.
    - Клиенти што живеат во зафрлени подрачја и што ги исполнуваат условите
- Ние исто така им пружаме услуги и на:
    - Носители на Пензионерска картичка за попусти (Pensioner Concession Card)
    - Носители на Златна здравствена картичка (Gold Repatriation Health Card) од Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs)
    - Носители на Бела здравствена картичка (White Repatriation Health Card) од Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs) во која е наведено дека има оштетување на слухот
    - Лица што примаат додаток за болест (sickness allowance) од Centrelink
    - Лица зависни од лице што спаѓа во некоја од горенаведените групи
    - Клиенти упатени од некоја служба за закрепнување од повреди на работното место што ја финансира австралиската држава
    - Припадници на Австралиските одбранбени сили

  Овие клиенти треба да поднесат барање до Канцеларијата за услуги во врска со слухот (Office of Hearing Services) за добивање бон (Voucher) за примање услуги од Australian Hearing или од друг давател на услуги што сами ќе го изберат.
- Организацијата Australian Hearing врши бесплатно оценување на слухот за сите клиенти што ги исполнуваат условите.
- Организацијата Australian Hearing ќе обезбеди преведувач за вашиот состанок ако го побарате тоа.
- Клиентите може да одберат некое од слушните помагала кои целосно ги финансира државата (бесплатни), или да платат одреден износ (доплата) за справи со понапредни технички карактеристики
- Организацијата Australian Hearing секоја година поставува повеќе од 110.000 слушни помагала. Ние соработуваме со Siemens Hearing Instruments, еден од водечките австралиски добавувачи на слушни помагала, за да се осигураме дека клиентите на Australian Hearing може да одберат напредни дигитални слушни помагала по најповолни можни цени
- Меѓународно познатата Национална акустична лабораторија (National Acoustic Laboratories - NAL) е огранок на Australian Hearing што се занимава со истражување. Истражувачите од оваа лабораторија играат многу важна улога во областите на зачувување на слухот, закрепнување на слухот, слушните помагала и акустичните истражувања.

## Национална акустична лабораторија (NAL)

Во националното седиште на организацијата Australian Hearing исто така е сместена и меѓународно познатата Национална акустична лабораторија (National Acoustic Laboratories - NAL), водечка национална установа за истражување на губењето на слухот и на нови начини на лекување.

Лабораторијата NAL исто така врши акустични проверки за бизнисите и индустријата.

### ИСТРАЖУВАЊАТА НА NAL СЕ СОСРЕДОТОЧЕНИ НА ДВЕ ШИРОКИ ОБЛАСТИ:

- Закрепнување на слухот, со главен нагласок на поставувањето и користењето на слушни помагала, развивање на подобрени слушни помагала, и развивање на аудиолошки постапки. Постапките што ги има развиено лабораторијата NAL се користат при поставувањето на слушни помагала ширум целиот свет.
- Спречување на врева и бучава и на губење на слухот. Истражувањата што ги врши лабораторијата NAL во оваа област се насочени кон изнаоѓање на подобри начини на кои може да се заштити слухот на луѓето, и нејзината помош се користи при поставувањето на стандарди и прописи што се однесуваат на мерењето и контролата на вревата и бучавата што се создаваат во заедницата, во индустријата и при забава и разонода.

P/N: NFR3072



Организацијата Australian Hearing пружа услуги што целосно или делумно ги финансира државата, како и најнови дигитални слушни помагала за носителите на пензионерска картичка за попусти, за повеќето ветерани, за лицата од абориџинско потекло или од островите Торес Стреит на возраст од 50 и повеќе години, или што учествуваат во проекти за вработување во рамките на развивањето на заедниците (Community Development Employment Projects - CDEP) или што имаат учествувано во таква програма во периодот меѓу 1 декември 2005 г. и 30 јуни 2008 г., на клиенти упатени од некоја служба за закрепнување од повреди на работното место што ја финансира австралиската држава, и на Австралијци на возраст до 21 година.

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА AUSTRALIAN HEARING